Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 12 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 јули 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА**

1. Барањето на Акционерското друштво за енергетски дејности ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ - СКОПЈЕ АД Скопје Shoqeri aksionare per veprimtari energjetike SISTEME ENERGJETIKE TE QYTETIT - SHKUP SHA Shkup за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, УП1 бр.11-123/19 од 14 октомври 2019 година СЕ ОДБИВА.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Акционерското друштво за енергетски дејности ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ - СКОПЈЕ АД Скопје Shoqeri aksionare per veprimtari energjetike SISTEME ENERGJETIKE TE QYTETIT - SHKUP SHA Shkup, со седиште на Булевар Илинден бр.82 Скопје-Центар (во натамошниот текст: АД ГЕС), на 14 октомври 2019 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, УП1 бр. 11-123/19 од 14 октомври 2019 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 17 октомври 2019 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Во Барањето е наведено дека лиценцата се бара за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје. За вршење на дејноста АД ГЕС достави до Регулаторната комисија за енергетика имотни листови за инфраструктурни објекти број 1313, 1318, 1324, 1334, 1337, 1343, 1387, 1391, 1392, 1399, 1400, 1401, 1402, 1427, 1435, 1579, 1631, 1634, 1639, 1640, 1644, 1649, 1676 и 1677, сопственост на Република Северна Македонија со прибележано право на користење на Град Скопје врз основа на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје бр.45-5849/1 од 30 јули 2019 година - Влада на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.164/19) и со прибележано право на користење на АД ГЕС врз основа на Одлука за прием и за давање на трајно користење на недвижни ствари бр.27-7911/1 од 27 август 2019 година од Советот на Град Скопје.

Енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија е енергетска дејност со обврска за обезбедување на јавна услуга и се врши врз основа на издадена лиценца од Регулаторната комисија за енергетика, при тоа за дистрибуција на топлинската енергија преку една topловодна мрежа може да има само една лиценца и тоа на друштвото кое покрај другото го има правото на користење на топловодната мрежа (основните средства).

Оттука, за АД ГЕС да може да се стекне со лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, најпрво треба да се спроведе постапка и да се одземе лиценцата на друштвото кое ја врши оваа дејност преку истата топловодна мрежа. За да се одземе лиценца на постојниот вршител на дејност потребно е да биде исполнет условот од член 50 став (1) точка 5) од Законот за енергетика и по спроведување на постапката од членот 50 да се одземе лиценцата. Откако ќе биде донесена одлука за одземање на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија треба да спроведе постапка за јавен повик согласно член 51 од Законот за енергетика и да избере вршител на енергетска дејност којшто ќе има обврска за обезбедување на јавната услуга.

Постапувајќи по барањето Регулаторната комисија за енергетика утврди дека се работи за истата топловодна мрежа за која Регулаторната комисија за енергетика има издадено лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје (во натамошниот текст: БЕ Дистрибуција), УП1 бр. бр.11-292/12 од 31 декември 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/12 и 98/17) со период на важење до 31 декември 2047 година, при што правото на користење на топловодната мрежа е уредено со Договор за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година, склучен со Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (во натамошниот текст: АДСДП).

Регулаторната комисија за енергетика на 21 октомври 2019 година достави барања до страните на договорот писмено да се произнесат за статусот на договорот и правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје.

Со доставените дописи, двете договорни страни ја известија Регулаторната комисија за енергетика дека склучениот Договор за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната мрежа број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година помеѓу АДСДП и БЕ Дистрибуција, сеуште е во сила и уредно се почитува од двете страни.

Со оглед на тоа што пред Регулаторната комисија за енергетика беа доставени докази од два правни субјекти за регулирано право на користење на една иста топловодна мрежа, сопственост на Република Северна Македонија, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека е потребно да побара од Владата на Република Северна Македонија како сопственик на топловодната дистрибутивна мрежа во Град Скопје, да достави информација во однос на носителот на правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа и правниот статус на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година.

Регулаторната комисија за енергетика донесе Решение УП1 бр. 11-123/19 од 1 ноември 2019 година со кое постапката по Барањето се прекинува се до достава на информација од страна на Владата на Република Северна Македонија како сопственик на топловодната дистрибутивна мрежа во Град Скопје, во однос на носителот на правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа и правниот статус на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година.

На 5 ноември 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика достави до Владата на Република Северна Македонија Барање на информација УП1 бр.11-123/19 од 1 ноември 2019 година и го достави Решението УП1 бр. 11-123/19 од 1 ноември 2019 година до АД ГЕС.

На 5 декември 2019 година, Владата на Република Северна Македонија со допис бр.45-8776/2 од 26 ноември 2019 година достави до Регулаторната комисија за енергетика Мислење доставено од Град Скопје бр.08-10281/2 од 8 ноември 2019 година.

Во Мислењето од Град Скопје бр.08-10281/2 од 8 ноември 2019 година, покрај другото е наведено дека Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година нема правно дејствие од 8 август 2019 година кога стапува на сила Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје бр.45-5849/1 од 30 јули 2019 година - Влада на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.164/19), но не е наведено дали и кога истиот е раскинат. Во оваа насока е и истакнатиот предлог во Мислењето од Град Скопје бр.08-10281/2 од 8 ноември 2019 година до Владата на Република Северна Македонија да го задолжи АДСДП да го извести БЕ Дистрибуција дека Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година нема правно дејствие од 8 август 2019 година. Исто така, со во Мислењето од Град Скопје бр.08-10281/2 од 8 ноември 2019 година е истакнато барање до Владата на Република Северна Македонија во најкус можен рок да достави информација до Регулаторната комисија за енергетика во која недвосмислено и јасно ќе одговори на прашањата за да може да продолжи постапката по Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на АД ГЕС.

Владата на Република Северна Македонија на 12 декември 2019 година достави до Регулаторната комисија за енергетика информација бр.45-8776/1 од 10 декември дека како точка на дневен ред (Точка 1/169) било разгледано Барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на АД ГЕС, како материјал за информирање. При што, Владата на Република Северна Македонија му укажа на Град Скопје да достави одговор до Регулаторната комисија за енергетика, односно да одговори каков е статусот на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година.

На 17 декември 2019 година Град Скопје достави до Регулаторната комисија за енергетика Одговор бр.08-11713/1 од 13 декември 2019 година, во кој наведува дека "со влегување во сила на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Град Скопје ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.164/19) на ден 8 август 2019 година, на АДСДП му престанува правото на стопанисување со топловодната дистрибутивна мрежа, а правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа на претходниот корисник БЕ Дистрибуција му завршува, со што и самиот Договор нема правно дејство". Притоа, не достави докази за престанокот на правото на користење ниту истакна врз основа на кои законски или договорни одредби правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа на претходниот корисник БЕ Дистрибуција му завршува.

Во меѓувреме, на 10 декември 2019 година, БЕ Дистрибуција достави до Регулаторната комисија за енергетика Стручно правно мислење бр.03-1422/4 од 28 ноември 2019 година од Правен факултет "Јустинијан Први" - Скопје, во кое се содржани следните заклучоци:

1. Предметниот договор, склучен помеѓу АДСДП и БЕ Дистрибуција, по својата правна природа претставува договор за закуп, а согласно неговите битни елементи
2. Евентуалното полноважно пренесување на правото на трајно користење на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје повлекува единствено промена на страната на закуподавачот во постојниот договор помеѓу АДСДП и Бе Дистрибуција, а никако автоматско престанување на овој договор. По сила на законот за облигационите односи, на местото на АДСДП, како закуподавач по однос на предметниот договор, би можел единствено да стапи евентуалниот стекнувач на правото на трајно користење на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје, било Град Скопје или АД ГЕС. Во се останато, предметниот договор важи и произведува правно дејство согласно неговата содржина, односно како што е договорено помеѓу АДСДП и БЕ Дистрибуција.
3. Правните односи после евентуалното полноважно пренесување на правото на трајно користење на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје подразбираат дека нејзиниот стекнувач (прибавувач) е должен да го трпи правото на закупецот на користење на закупената ствар, при што соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи за правните односи помеѓу страните по промената на страната на закуподавачот.

На 23 јануари 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика беше доставена на одговор тужба од АД ГЕС за поведување на управен спор У6-.бр.652/2019 против Решението на Регулаторната комисија за енергетика УП1 бр. 11-123/19 од 1 ноември 2019 година со кое постапката по Барањето се прекинува се до достава на информација од страна на Владата на Република Северна Македонија како сопственик на топловодната дистрибутивна мрежа во Град Скопје, во однос на носителот на правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа и правниот статус на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 31 јануари 2020 година достави до Управниот суд одговор на тужба со кој се побиваат сите наводи истакнати во тужбата.

Управниот суд на 12 јануари 2021 година достави до Регулаторната комисија за енергетика Пресуда У-6.бр.652/2019 од 2 декември 2020 година со која се одбива како неоснована тужбата на АД ГЕС изјавена против Решението на Регулаторната комисија за енергетика УП1 бр. 11-123/19 од 1 ноември 2019 година. Во Пресудата У-6.бр.652/2019 од 2 декември 2020 година Управниот суд, оценувајќи ја законитоста на оспореното Решение УП1.бр.11-123/19 од 01.11.2019 година на Регулаторната комисија за енергетика наведува дека во конкретниот случај Регулаторната комисија за енергитика правилно постапила кога со решение ја прекинала постапката поради претходно прашање бидејќи за да се реши по барањето за издавање лиценца треба да се добие информација од Владата како сопственик на топловодна дистрибутивна мрежа на Град Скопје, односно Владата треба да достави информација во однос носителот на правото на користење на топловодната мрежа и правниот статус на договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користење на топловодната мрежа на Град Скопје.

На 3 февруари 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика беше доставена на одговор жалба од АД ГЕС против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.652/2019 од 2 декември 2020 година. Регулаторната комисија за енергетика на 10 февруари 2021 година, преку Управниот суд до Вишиот Управен суд достави одговор на жалба со кој се побиваат сите наводи истакнати во жалбата.

Вишиот Управен суд на 7 јули 2021 година достави до Регулаторната комисија за енергетика Пресуда УЖ-2.бр.165/2021 од 3 јуни 2021 година со која се одбива како неоснована жалбата на АД ГЕС изјавена против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.652/2019 од 2 декември 2020 година. Во Пресудата УЖ-2.бр.165/2021 е наведено дека Вишиот управен суд смета дека Управниот суд правилно заклучил дека оспореното решение на тужениот орган е законито и дека со истото правилно е прекината постапката по поднесеното барање на сега тужителот за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, УП1 бр.11-123/19 од 14.10.2019 година. По мислење на Вишиот управен суд тужениот орган правилно утврдил дека во конкретниот случај постапката по поднесеното барање за издавање на лиценца за вршење на дејност дистрибуција на топлинска енергија треба да се прекине се до доставување на информација од страна на Владата на Република Северна Македонија во однос на носителот на правото на користење на topловодната дистрибутивна мрежа и правниот статус на Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје, број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година во смисла на член 95 став 1 од Законот за општата управна постапка.

По завршувањето на управниот спор со Пресуда У-6.бр.652/2019 од 2 декември 2020 година на Управниот суд, потврдена со Пресуда УЖ-2.бр.165/2021 од 3 јуни 2021 година на Вишиот Управен суд, а постапувајќи по Барањето, имајќи ги во предвид сите списи во предметот, Регулаторната комисија за енергетика ценеше дека самото пренесување на правото на користење на топловодната дистрибутивна мрежа нема, ниту пак може правно да има, непосредно дејство на самото постоење на склучениот договор, така што истото автоматски не преставува престанување на постоечкиот Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година, склучен помеѓу АДСДП и БЕ Дистрибуција.

Од причини што Договорот за регулирање на меѓусебните односи во врска со користењето на топловодната дистрибутивна мрежа во Скопје број 18-15756/1 од 31 декември 2012 година, склучен помеѓу АДСДП и БЕ Дистрибуција и Лиценцата за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/12 и 98/17), сеуште се применува, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека не се исполнети условите за одземање на лиценцата за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на БЕ Дистрибуција, а со тоа и не се исполнети условите за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на АД ГЕС.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1335/2 од 19 јули 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 19 јули 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 12 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за одбивање на барањето за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на Акционерското друштво за енергетски дејности ГРАДСКИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ - СКОПЈЕ АД Скопје Shoqeri aksionare per veprimtari energjetike SISTEME ENERGJETIKE TE QYTETIT - SHKUP SHA Shkup.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 11-123/19**
**19 јули 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска

контролирале: Виолета Чокузовска

Далибор Митровски

Јулијана Димоска Исајловска

Пајазит Шеапи

одобриле: Никола Николиќ

Мартин Мартиноски

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1 nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19) dhe nenit 12 të Rregullores së Licencave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 19 korrik 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR REFUZIMIN E KËRKESËS PËR LËSHIMIN E LICENCËS**
**SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE, SHPËRNDARJE TË ENERGJISË TERMIKE**

1. Kërkesa e Shoqërisë Aksionare të Veprimtarive Energjetike "SISTEMET ENERGJETIKE TE QYTETIT" - SHKUP SHA Shkup për lëshimin e licencës së kryerjes së veprimtarisë energjetike të shpërndarjes të energjisë termike, PA1 nr.11-123/19, datë 14 tetor 2019, REFUZOHET.

2. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 11-123/19**
**19 korrik 2021**
**Shkup**

**Kryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve**
**të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Марко Бислимоски**